**Меѓународен парламентски стаж (IPP)**

Програма на Германскиот Бундестаг во соработка со берлински универзитети

**Дали Вие имате на некој начин ангажман во социјалниот, академичниот или политичкиот живот на Вашата татковина?**
**Дали сте спремни да учествувате во активната и одговорна изградба на Вашата земја?**
**Дали би сакале да фрлите поглед зад «кулисите» на политиката и да ја доживеете демократијата од најблизка дистанција?**

**Тогаш ја искористете можноста да учествувате во единствената на светот програма на Германскиот Бундестаг и на берлинските универзитети и си поднесете барање за учество во Меѓународниот парламентски стаж (IPP).**

Во соработка со берлински универзитети Германскиот Бундестаг секоја година им овозможува на околу 100 млади луѓе од меѓувремено 21 земји, единствената на светот возможност да завршат неколкумесечен стаж во канцеларијата на припадник на Германскиот Бундестаг, па на тој начин тие успеваат да запознаат со процесите на прифаќање на одлуки во германската политика и да соберат практично искуство во областа на парламентската работа.

Цел на програмата е да се засили интересот кај младите кон демократијата и општеството, тие да бидат охрабрени и да учествуваат со готовност во демократскиот живот. Меѓународниот парламентски стаж (IPP) претставува долгорочна инвестиција во корист на зацврствувањето на демократските вредности и на толерантноста, а исто така и в онапредувањето на културната разновидност и мирното заедничко живеење во Европа.

Следните држави учествуваат во програмата: Албанија, Босна-Херцеговина, Бугарија, Естонија, Франција, Грузија, Казахстан, Хрватска, Латвија, Литва, Македонија, Полша, Ромунија, Русија, Србија и Црна гора, Словакија, Словенија, Чехија, Украина, Унгарија и САД.

Програмата IPP започнува на 1 март и продолжува вкупно 5 месеци. Централниот дел од Програмата претставува стаж од 3 ½ месеци во канцеларијата на пратеници од Бундестагот. Освен тоа стипендиантите посетуваат семинари за подготовка во некоја от петe политички фондации. Дополнително тие учествуваат во паралелна научна програма на трите берлински универзитета заедно со политичките фондации.

Учесниците в програмата IPP добиваат од буџетот на Германскиот Бундестаг месечна стипендија во износ на 450 евра. Во стипендијата влегува исто така бесплатен стан и наплаќање от буџетот на трошоци за здравна осигурување, осигурување за несреќен случај и осигурување од општа одговорност. На учесниците ќе им бидат надоместени патните трошоци до и од Берлин.

Сите останати информации за програмата IPP, и за кандидирањето може да ги најдете овде www.bundestag.de/ipp.

**Ви покануваме најсрдечно да учествувате и од сега се радуваме на Вашата кандидатура.**